Врз основа на член 69 став 5 од Законот за сточарството („Службен весник на Република Македонија" бр. 07/08, 116/10, 23/13, 149/15 и 39/16) министерот за земјоделство шумарсво и водостопнаство донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМА И СОДРЖИНА НА БАРАЊЕТО ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ОРГАНИЗАЦИИТЕ НА ОДГЛЕДУВАЧИ ПО ОДДЕЛНИ ВИДОВИ НА ДОБИТОК

## Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на барањето за одобрување на организациите на одгледувачи по одделни видови на добиток.

## Член 2

Барањето за одобрување на организациите на одгледувачи по одделни видови на добиток се поднесува на образец, на хартија во бела боја со формат А-4, кој е даден во прилог и е составен дел од овој правилник.

Образецот на барањето од став 1 на овој член содржи: назив на органот до кој се поднесува барањето, во средишниот дел назив на барањето, назив на организацијата-подносител на барањето, адреса и седиште на организацијата-подносител на барањето, ЕМБС на организацијата, презиме и име на одговворното лице во организацијата, контакт телефон, датум и место на поднесување на барањето, потпис на подносителот на барањето и место за печат.

## Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Прилог

ДО
Министертсво за земјоделство,
шумарство и водостопанство

БАРАЊЕ

за одобрување на организации на одгледувачи по одделни видови на добиток

од ____________________________________________
(назив на организацијата-подносител на барањето)

од ______________ , ____________________________________________
(град) (адреса и седиште на организацијата-подносител на барањето)

со ______________________________
(ЕМБС на организацијата)

____________________________________________
(презиме и име на одговорното лице во организацијата)

______________________________
(контакт телефон)

датум и место

______________

подносител на барањето

______________________________
с.р.

М.П.